28323

НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 25.XI.1981, 12517, 7,

Вчера во Скопје

# Избрани нови членови на МАНУ

**● За редовни членови беа избрани Евгениј Димитров, Вангел Коџоман, Властимир Николовски и Манол Пандевски, а за дописни Данчо Зографски и Јордан Грабуловски**

На седницата на Македонската академија на науките и уметностите, на која беше разгледан предлогот на новите кандидати за членови на оваа висока научна и уметничка институција, по долга дискусија, која траеше повеќе од осум часови, за членови надвор од работниот состав беа избрани **Јулијан Бромлеј**, етнолог од Москва, **Борис Стојчев**, физичар од Торонто, **Кензо Танге**, архитект од Токио и **Владо Стругар**, историчар од СР Црна Гора. Од редот на дописните членови на МАНУ за редовни беа избрани **Евгениј Димитров, Вангел Коџоман, Властимир Николовски** и **Манол Пандевски**. За дописни членови беа избрани **Данчо Зографски**, историчар и **Јордан Грабуловски**, скулптор.

Првобитната листа на кандидатите беше подолга, и со неа беше запозната нашата јавност. Прифатени се оние кандидати за кои е оценето дека дале значаен придонес во науката и уметноста. „Основно беше, ни рече претседателот на МАНУ Михајло Апостолски во врска со новоизбраните, што овие кандидати дале ново во науката или уметноста, и што тоа заслужува да биде така вреднувано за тие да влезат во оваа кука. И трудот на другите (оние што во овој изборен момент испаднаа од списокот) беше оценет, но се застана на стојалиштето дека ќе треба и натаму да се следи нивната работа, за да се согледа покомплетно. Се следеше работата на дописните членови, и се оцени дека овие што ги примаме во редовни, во овој временски период, дале мошне значајни резултати. Имено, се покажа дека изборот за дописни членови, барем кај овие што ги примивме, се покажал како нов стимул за работа. Се надеваме дека таков стимул ќе почувствуваат и новоизбраните дописни членови... При оценката на делото на Грабуловски претежна фактот што досега има 30 самостојни изложби, 18 јавни споменици и што на конкурси добил 10 први награди. За Зографски пак, фактот што се истакна во проучувањето на нашата историја, посебно во обработката на економската историја и работничкото движење во XIX век".

**О. Сп.**